РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08-600/1
30-01-2026

Врз основа на членовите 22 и 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19) и член 40 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива, Државната комисија за спречување на корупцијата на 27-та седница одржана на ден 23.01.2026 година донесе:

## О Д Л У К А

Постапката по предметот со број 08-1609/1 од 27.05.2025 година, СЕ ЗАПИРА.

Предметот со број 08-1609/1 од 27.05.2025 година како завршен да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Државната комисија за спречување на корупцијата по сопствена иницијатива, а врз основа на допрен глас преку медиумите, оформи предмет со број 08-1609/1 од 27.05.2025 година поради неподнесување на изјава за имотна состојба и интереси од страна на службеното лице ______________ по престанок на должноста вонреден и ополномоштен амбасадор на Република Северна Македонија ____________________________________________.

Државната комисија заради правилно и целосно утврдување на фактичката состојба поднесе барање за доставување податоци и информации до Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, од каде е добиен одговор со документација заведен под бр.08-1609/3 од 11.07.2025 година, видно од кој е дека _______________ бил поставен на должноста вонреден и ополномоштен амбасадор на Република Северна Македонија _________________________________ со Указ бр.45 од 02.03.2022 година, од Претседателот на Република Северна Македонија, објавен во „Службен весник на РСМ“ бр.44/22, а бил отповикан од должноста со Указ бр.1 од 30.08.2024 година, од Претседателот на Република Северна Македонија, објавен во „Службен весник на РСМ“ бр.180/24. Врз основа на Решение за предвремено завршување на мандат донесено од министерот за надворешни работи и трговија арх.бр.04-24854/24-1 од 06.09.2024 година, на

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

_______________ му престанува должноста вонреден и ополномоштен амбасадор на Република Северна Македонија ____________________ на ден 06.10.2024 година.

Државната комисија по извршен увид во базите на податоци со кои располага, констатираше дека _______________ во законски предвидениот рок од 30 дена од денот на престанувањето на должноста вонреден и ополномоштен амбасадор на Република Северна Македонија ___________________________, не поднел Изјава за имотна состојба и интереси до Државната комисија за спречување на корупцијата, со што постапил спротивно на одредбите од член 82 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси од страна на лицето _______________ и сторил прекршок казнив по член 109 став1 алинеја 2 од истиот закон.

За констатираниот прекршок Државната комисија издаде Прекршочен платен налог со бр.08-1609/5 од 29.10.2025 година и истиот уредно го достави до сторителот на прекршокот на ден 05.11.2025 година. Истиот во рок од осум дена од денот на приемот на налогот го плати износот на глобата за прекршокот и достави доказ за извршената уплата.

Врз основа на наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на одлуката.

**Претседател,**

**Адем Чучуљ**

Изготвил: К.Б., помлад соработник
Контролирал: м-р Н.Т-М., раководител на одделение
Согласен: К.З., раководител на сектор
Одобрил: С.С М, член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk